Цел на ревизијата е да се даде „оценка за условите за функционирање на граничните премини за патен сообраќај во РМ “. Со ревизијата треба да се одговори на прашањето „Дали надлежните институции преземаат политики, мерки и активности за подобрување на условите за функционирање на граничните премини во Република Македонија“?

За да може да одговори на поставената цел, ревизијата изврши анализа на следните области кои имаат свое влијание врз функционирање на граничните премини во Република Македонија:

- Стратешки документи, законска и подзаконска регулатива;
- Организација, надлежности, кадровска екипираност, обуки и финансирање на Царинската управа;
- Материјално технички ресурси, опрема и просторно сместување на граничните премини надлежност на Царинската управа и
- Комуникација, координација и соработка помеѓу учесниците во функционирањето на граничните премини во РМ.

Според сознанијата до кои дојдовме при извршувањето на наведената ревизија на успешност и оценката на ризичните подрачја, сметаме дека со ревизијата на успешност може во задоволителен степен да се постигне идентификување на:

- клучните фактори кои влијаат на функционирање на граничните премини за патен сообраќај,
- утврдување на причините за постојната состојба и нивната анализа
- давање препораки за надминување на утврдените слабости.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 – Опфат и методологија на овој извештај.